Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

**Записникот да биде потпишан во оригинална форма за архивата на министерството за правда.**
**При негово доставување до надлежните институции и објавување задолжително да се анонимизира и деловите кои се прешкртани да бидат целосно затемнети.**

Архивски бр. 08-2052/1
01.08.2023

## ЗАПИСНИК
## ОД НАДЗОР ВО ОСНОВНИОТ СУД КУМАНОВО

Министерството за правда на ден 06.06.2023 во 10.30 часот, согласно Планот за надзор бр. бр. 08-978/2 04.04.2023 година го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети во Основниот суд Куманово.
Претходно со писмо бр. 08-1347/1 од 11.05.2023 година од Судот беше побарано за увид да биде обезбедена потребната документација цитирана во писмениот допис.
Надзорот започна со интервју на Претседателот на судот Снежана Манев, кој на функцијата претседател била избрана во 2017 година.
Во судот заедно со претседателот има 18 судии. По систематизација се предвидени 34 судиски места. Бројот на судиите е значително намален што неминовно се одразува на ажурноста на судот. Претседателот истакна дека до минатата година судот бил ажурен суд но веројатно заради зголемениот број на прекршочни предмети и предмети од работен однос тековната година Судот може да ја заврши како неажурен.
Во судот има пет судници од кои во сите е инсталирано тонско снимање кое е во функција но судиите не сакале да го користат и постојано на записник се наведувало дека системот бил нефункционален.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

*ПРЕПОРАКА: Задолжително користење на тонско снимање на расправите.*

Судот во Куманово е еден од ретките судови во државата кој има лифт и е пристапен за лица со инвалидност.

Судската архива е сместена во подрумските простории. Излачување на предмети било завршено заклучно со 1971 година. Нема континуирано излачување на предмети. Овој проблем се провлекува со децении, истиот беше констатиран со првиот надзор и судот задолжен да започне со излачување. Беше постигнат одреден напредок но очигледно за кратко време.

*ПРЕПОРАКА: Судот се задолжува да започне со континуирано излачување на предмети и итно расчистување на архивскиот простор.Претседателот на судот се задолжува да постигне договор со архивот и да се продолжи со натамошно архивирање.*

***Претседателот на судот истакна забелешка во однос на оваа препорака дека истата ке била тешка за реализација бидејќи судот располагал со само двајца службеници во архивата и процесот не можел да се одвива бргу. Комисијата и понатаму остана на препораката, бидејќи внатрешната организација е работа на судот, а излачувањето на предмети е обврска која мора да се почитува.***

1. Судски администратор е Марта Крашовиќ и истата беше присутна за време на надзорот и интервјуто со претседателот на судот.
Претседателката на судот истакна дека надзорот над работата на судот е веројатно мотивирана од последните изјави на Судскиот совет кој при надзорот констатирал дека одлуките за повторна распределба на предметите во судот биле без образложение. Претседателот на судот ни достави фотокопие од одлуки за исклучување и повторно вклучување на судија од АКМИС. При разгледувањето на одлуките беше забележано дека во една одлука [redacted] се задложува Раководителот на одделението за информатика да го постави како „судија носител“ судијата [redacted] бидејќи поседува


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

безбедносен сертификат и предметот да биде распределен на именуваниот судија иако со проверка во листата на лица со безбедносен сертификат има уште двајца судии кои поседуваат ваков сертификат. На Претседателот на судот му се укажа дека во овој случај направил рачна распределба на предмет што е недозволива според обврската за случаен избор на судија. Истата ситуација се забележува и во предметот [redacted]

***Претседателот на судот истакна забелешка во однос на оваа препорака наведувајќи дека во кривичното одделение на судот двајца од тројца судии имале безбедносен сертификат и кои според Годишниот распоред на судии не постапувале како судии на претходна постака. По укажувањето на Надзорната комисија и по добивање на безбедносен сертификат и за уште еден судија е покрената постапка за измена на Годишниот распоред за работа со што ќе се обезбедела автоматска распределба и на овој вид на предмети.***

***Комисијата остана на својата препорака од причина што оцени дека и тогаш постоеле услови за автоматска распределба на предмети што не се вршела и е недозволиво вршењето на рачната распределба на предмети.***

Понатаму во предметот [redacted] на барање на судијата Саша Ѓорѓевиќ за изземање се носи решение со кој именуваниот судија се иззема од причина што постапувал како судија во претходна постапка и со истото решение се изземаат и судиите Маја Денковска и Љубомир Ѓорѓевиќ без да постои барање за изземање доставено од нивна страна. На Претседателот на судот му беше укажано дека ваквото постапување не е во согласност со законските одредби и се добива впечаток дека е извршена рачна распределба со исклучување на судии без доставено барање за исклучување од нивна страна. Исто така се поставува и прашањето дали исклучените судии знаеле за нивното исклучување.

***ПРЕПОРАКА: Се задолжува Претседателот на судот целосно да ги почитува законските одредби за исклучување и вклучување на судии од АКМИС и изземањата да ги врши само врз основа на уредно доставено барање за изземање.***


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

***Претседателот на судот на оваа препорака истакна забелешка дека сите тројца судии биле иземени од иста причина бидејќи сите постапувале на оценка на обвинителниот акт.***

***Комисијата останува на својата препорака дека во овој случај е повредена постапката за иземање на судија и истата е направена без да биде поднесено барање на другите двајца судии.***

2.Судски службеник задолжен за АКМИС е Новица Арсовски, информатичар. Распределба и прераспределба на предмети се врши од страна на водителите на писарници во судот.

3.Годишниот распоред за работа на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за последните две годин, се донесени до 31.12 и се менувани со запазена процедура. Имено се носат на седница на судии, а се менувани заради пензионирање на судија, намален број на предмети, намален број на судии, зголемен обем на работа.

4.Одлука за формирање на работно тело за управување со движењето на предметите во судот, е донесена и заведена под бр.Су. 4-6/21 од 11.01.2021 година и СУ-04-125/22 од 05.01.2022 година

5.Претседателот на судот на предлог на работното тело ги донел внатрешните процедури за управување со движењето на предметите во судот, и истите се заведени под Су.бр. 172/21-1 од 26.12.2021 и Су. 126/22 од 05.01.2022 година.

6.Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување за создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување застој на движењето на предметите во судот, за 2021 и 2022 година е донесен и заведен под Су.04.2/21 -1 од 11.01.2021 и Су.04.141/22 од 20.01.2022 година.

7.Во судот редовно се одржуваат месечни колегиуми на кои се решаваат тековните проблеми во судот Су.бр.491/21, Су.бр.468/22.

8.Надзор над работата на нотарите (член 17 СД) Претседателот на судот редовно врши надзор над работата на нотарите и известени сме дека е постигнат успех во намалувањето на бројот на нерешените оставински предмети.

9.Месечни извештаи на работното тело во судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалувањето на заостаток на нерешени предмети и застој на движењето на предметите во судот, доставени до претседателот на судот, (член 7 став 1 алинеја 3 од ЗУДПС), редовно се изработуваат со наведување на состојбата со стари нерешени предмети. Су.бр.07.184/21 од 01.12.2021, Су.07.19/23 од 10.03.2023.

10.Правосилни судски одлуки анонимизирани се објавуваат на веб страната на судот и за контролираниот период се вкупно 1257 во 2021 и 770 одлуки во 2022 година.

11. Месечните распореди и времетраење на дежурста во судот се евидентирани во АКМИС.

12.Има донесено список на кориснички групи со степен на достапност до АКМИС за секој судија и судски службеник, за контролираниот период. Со име и презиме, звање и уписник и секој корисник се најавува со свое Корисничко име и Лозинка.

13.Судот најмалку еднаш годишно, ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите, преку соопштенија и извештаи објавени на веб страната на судот.

14.Во судот имало формирана служба за информатика како посебна организациона единица, во која работеле тројца информатичари, но сега е останат само еден информатичар. На огласите за вработување на информатичари не се јавувал ниту еден кандидат.
На последниот оглас се јавил еден кандидат, но не го положил писмениот дел од испитот кој е услов за вработување.

15.Судот не донесува План за годишен одмор на судиите, односно судиите на седница се договараат за користењето на годишниот одмор.

16.Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за последните две години.

Претседателот на судот ги извести членовите на Комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети. Сите предмети се рапределуваат преку АКМИС.

17. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.

На Надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Основниот суд Куманово.

Бевме информирани дека во судот е доставен нов сервер кој ги задоволува потребите на судот. Резервните копии за заштита на податоците во судот се прави автоматски и тоа: резервна копија локално во судот, резервна копија на централна локација и резервна копија на ленти.

Исто така, комисијата беше информирана дека судот има потреба од 30 персонални компјутери, 20 принтери, 10 нови скенери и проеектор за непречено функционирање.

18. Во судот се формирани два судски оддели кривичен и граѓански со што се запазува обврската за специјализација на судии по област.

19. Досега во судот нема организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД).

***ПРЕПОРАКА: Втора година по ред се задолжуваат претседателите на судовите да се погрижат за организирање на обука пред се на информатичарите преку Академијата за обука на судии и јавни обвинители.***

20. Во судот нема формиран оддел за следење на судската практика.

21. Во судот нема посебни простории за судии поротници и за адвокати (120 СД).

22. Во судот на видливо место е поставена огласна табла.

23. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот.

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2021 и 2022 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени на автоматска распределба и тоа: РП, О2, РВПП, РРО, ИСАМ, К-ПП, К-ООА, ИПКД, КРП, ПЛПОВ, ИЗС, П ПОВ1, ИОИП, КС-КР, ВПП2, Р-Л, ПРК-ПОВ, КСП, КПМ, РОПОВ, ЗАВ1, ПИ, ЕК, П4, ИКП, УО-КМ, ПЛ1-П, УО-КМ, ПЛ1-П, КСМ, МАЛВПЛ1-П, МВПОВ, ПЛЖ, ПК, ИСАМ-ПС, ИСАМ-Л, ИСАМ-Д, ЕК-ВПП, ИСАМ-ВМ, КНЗД, ОНАД, ЗНД, РСВЗРГ, РПЛ, ИПК, П5, ИОИП-МБ, ИОИП-ПД, КСП-К, КПОВ, ППНИ, КИ, К, КУК, КП, Р1, ОДС, ВПП, Р, ПРК-О, УОСК, ИПРК, ПРК-С, УО, ПРК-Ј, КУИКП, КУИКМ, КР-ПОМ, КС, ППОВ, ЗАВ, О1, ПЛ-1, ПЛ-С1, П1, ИКС, П2, ВПП1, П3, ПЛ-П, РО, ПЛ-С, МАЛВП, ПС, ПЛ, П, ПСО, ЗАВ-С, ИКС, П2, ВПП1, П3, ПЛ-П, но постојат и уписници по кои постапува еден судија и тоа: РТС, ТСПОВ, КРМ, СТС, ПЛ-ТС, ПЛ1-ТС, МВТСПОВ, МАЛВПЛ1-ТС, СТ-ПЛ1-П, СТ-ТС, СТ-РО, СТ-ПЛ1-ТС, СТ-П4, СТ-П1, СТ-МАЛВТС, СТ-МАЛВП, ТС1, КМ, СТ, МАЛВТС, Л, ПРК-М, ТС, ПРК-М, ТС и уписници по кои постапува само претседателот на судот се: СУ, ЗАМ-К, СУ-ИЗЗ, СПИ, ИДС, СУ-СТР-ДОВ, ПОМ, УПП, СУ-ДОВ, ПОМ-СЕК, ЗАМ-С и ЗАВ-Х.

Уписниците од Судска управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС, и актите се изготвуваат во АКМИС.

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети и итните предмети.

На денот на надзорот при проверка на контролниците беа воочени по две автоматски распределби на ист датум кои се практикуваат заради итните предмети од уписникот ППНИ.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

24.Скенирање на влезни документи

За контролираниот период комисијата беше информирана дека се скенираат уписници во делот на кривично, граѓанско, прекршоци и работните односи, додека останатите не се скенираат поради недоволен број на скенери.

***ПРЕПОРАКА: Да се достави барање до Судскиот Буџетски совет за одобрување на средства за набавка на скенери.***

25.Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување).

Комисијата беше информирана дека автоматската распределба на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот, а итните предмети се распоредуваат веднаш. Исто така, на денот на надзорот немаше нераспределени предмети со датум на внес постар од тековниот.

26. Електронски прием на предмети од страна на судиите се врши редовно без застој.

27.Уписници што се водат во хартиена форма се уписниците Су.

Комисијата беше информирана, дека сите уписници се водат во електонска форма, освен СУ уписниците кои се водат во електронска и хартиена форма.

28.Увид во активни предмети по случаен избор и проверка дали е запазена целосната постапка за оформување на предметот, кога е примен, кога е распределен на кој начин.

За време на надзорот беа побарани на увид следните предмети: КС-41/21 кој е примен на 02.11.2021 година во судот, автоматски распределен истиот ден во 14:02 часот и примен од страна на судијата на 03.11.2021 година, истиот е правосилен и извршен.

К-42/22 кој е примен на 11.01.2021 година во судот, автоматски распределен на 12.01.2022 и примен од страна на судијата на 13.01.2022 година.

К-65/21 кој е примен на 25.01.2021 година во судот, автоматски распределен истиот ден и примен од страна на судијата на 25.01.2021 година.

П1-91/21 - кој е примен на 06.07.2021 година во судот, автоматски распределен истиот ден и примен од страна на судијата на 07.07.2021 година.

СУ-ИЗЗ-18/21 - кој е примен на 14.09.2021 година во судот, автоматски распределен истиот ден и прераспределен автоматски на ден 15.09.2021 година.

П2-23/22 кој е примен на 07.02.2022 година во судот, автоматски распределен на 08.02.2022 година и примен од страна на судијата на ден 09.02.2022 година.

Увидот заврши на ден 06.06.2023 година во 15.20 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk